ФЗОСМ
FSSHMV
Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА
## ЈЗУ УК ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ - СКОПЈЕ

Октомври - 2022


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Од извршена вонредна контрола на пресметка и исплата на плати на менаџерскиот тим во ЈЗУ УК ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ - СКОПЈЕ**

Вонредната контрола е извршена по добиен писмен налог од Директорот на Сектор за финансиски прашања бр.08-15353/1 од 18.10.2022 година за утврдување на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ УК за детски болести – Скопје за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година.
Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од страна на овластените финансиски контролори Виолета Перовска и Крсте Латкоски.

Контролата е извршена на ден 18.10.2022 година, во просториите на ЈЗУ УК за детски болести – Скопје и Подраќна служба Скопје, а извештајот на ден 18, 19 и 20.10.2022 година.

**Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински Директор | Аспазија Софијанова | Директор | 04-746/2 од 23.06.2021 |
| Организациски директор | Аљадин Мемеди | В.Д. Директор | 04-120/2 од 17.01.2022 |

**Предмет на вонредната финансиска контрола е пресметка и исплата на плати во ЈЗУ УК за детски болести – Скопје за периодот Јануари до месец Септември 2022 година на менаџерскиот тим.**

**Примена на колективен договор**

Во контролираниот периодот Јануари/Септември – 2022 година, со важност е следниот Колективен договор, Анекси и Спогодби:

**Колективни договори и Анекси на ПКД:**

- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 120/18)- Арх. Бр.0101-374/1 од 07.02.2019 година;
- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 180/19 ) – Арх. Бр. о1-15/1 од 02.01.2020 година;
- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 180/19) – Арх.бр. 01-410/1 од 12.02.2020 година;
- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 151/21) – Арх.бр. 03-1223/1 од 04.08.2021 година;

**Констатација:**
**За потпишување на Анексот за измена и доплнување на ПКД бр.03-1223/1 од 04.08.2021 година е издадено Овластување на директорите на ЈЗУ УК за детски**

**болести ос страна на Министерот за здравство бр. 17-5999/1 од 30.07 2021 година и број 17-110/1 од 02.01.2020 година и истите се потпишани.**

**Склучени Спогодби за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, помеѓу:**

- Спогодба за утврсување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност Председателот на Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ и Министерот на Министерство за здравство на РМ – утврден износ од **14.090 денари** (Сл.весник број 302/2021 година од 30.12.2021 година) со примена со исплата на платата за месец јануари 2022 година.

**Согласност за организирање на работа со дежурства**

- **Од увидот на приложената документација контролата констатира дека Согласност за организирање на работа со дежурства се издадени за период заклучно со 31.12.2020 година и тоа:**
  ***Согласност бр. 03-1472/2 од 20.06.2019 година за период од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година,**
  ***Согласност бр. 10-6090/2 од 03.09.2019 година за период од месец Септември до месец Декември 2019 година, издадено од Министерство за здравство.**
  ***Согласност бр. 05-2922/2 од 03.01.2020 година за период до 31.12.2020 година.**

**Констатација:**

- **За периодот за 2021 и 2022 година ЈЗУ УК за детски болести – Скопје нема добиено Согласност за организирање на работа со дежурства.**

- ***Во текот на контролата, од страна на ЈЗУ УК за детски болести – Скопје доставено е Ургентно барање до Министерство за здравство, со број 03-1732/1 од 19.10 2022 година за добивање на согласност за бовување на работа со дежурство во текот на 2022 година***

**Увид во пресметковни листи на плати во ЈЗУ УК за детски болести – Скопје на менаџерскиот тим**

**Направен е увид во пресметковни листи на плати во ЈЗУ УК за детски болести – Скопје за периодот од 01/2019 година до 01/2020 година на вработениот А.С. – медицински директор на ЈЗУ, при што се констатира следното:**

- Работникот А.С. е распоредена на работно место Медицински директор на ЈЗУ , со **Решение бр. 03-746/4 од 03.08.2021 година** врз основа на Поединечниот Колективен Договор и Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, а исплатата се врши од 23.06.2021 година согласно Решението бр. 04-746/2 од 23.06.2021 година издадено од Министерот за здравство.

Извршен е увид во исплатни листи на вработениот со иницијали А.С. кој има Решение за Директор на ЈЗУ за периодот од 01/2022 година до 09/2022 година,
Направена е споредба со коефициентите и процентите од Поединечниот КД, како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

| 2022 година | Коефициенти на сложеност и пресметана бруто основна плата на медицински директорна ЈЗУ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Ефективни саати во месецот | Коеф. на сложеност во ЈЗУ на медицински директор на ЈЗУ УК Член 5 од Анекс на ПКД 8,070 | Висина на најниска плата во ЈЗУ за коефициент 1 (висина евидентирана во пресметките за плата)ПКД на ЈЗУ | Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ за ефективни саати во месецот | Сработани саати во месецот |
| 1 | | 2 | 3 | 4(2*3) | 5 |
| 01/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 147 |
| 02/2022 | 160 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 140 |
| 03/2022 | 184 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 161 |
| 04/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 147 |
| 05/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 154 |
| 06/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 154 |
| 07/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 147 |
| 08/2022 | 184 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 161 |
| 09/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 154 |
| Вкупно | | | | 1.023.354 | |

Констатација:

- За периодот од 01.01.2022 година заклучно со 30.09.2022 година исплатен е износ од 1.023.354 денари за основна плата, во бруто износ, по пресметани ефективни саати, согласно член 3, став 2 од Анекс за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.02.2020 година)

Според Член 15 од ПКД, дел за плата, други права по основ на плата и надоместици на плата, работникот има право на 0,5% додаток за на основната плата за секоја година стаж, а најмногу 20%.

За работа на дежурства во интензивно лекување на ЈЗУ УК за детски болести – Скопје, дежурните доктори имаат право на додаток на плата за дежурство, согласно Член 14 од ПКД, дел за плата, други права по основ на плата и надоместици на плата од јули 2020 година (консолидиран текст) и тоа:

- додаток за дежурство во редовни работни денови (од понеделник до петок) се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови

- додаток за дежурство во викенд и празник, на дежурните доктори се исплаќа за 16 часови од дежурството со 207% од саатнината за редовните работни денови

**Извршен е увид и споредба на исплатните листи за плата и евидентните листи за поминати часови на дежурство при што се констатира:**

| 2022 година | Работа во денови на празник 142% | | | Дежурство во редовни работни денови 155% | | | Дежурство во интензивна 207% | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Часови за работа поред исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи | Часови за дежурство според евидентни листи-списоци | Часови за дежурство според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи | Часови за дежурство според евидентни листи-списоци | Часови за дежурство според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи | Часови за дежурство според евидентни листи-списоци | Износ кој требало да се исплати по часови поминато на дежурство според евидентни листи во ЈЗУ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 01/2022 | нема | | нема | нема | нема | нема | 96 | 134.498 | 80 | 112.111 |
| 02/2022 | нема | | нема | нема | нема | нема | 120 | 176.529 | 80 | 117.742 |
| 03/2022 | нема | | нема | нема | нема | нема | 96 | 122.803 | 64 | 81.873 |
| 04/2022 | нема | | нема | нема | нема | 8 | 96 | 154.001 | 32 | 44.845 |
| 05/2022 | 12 | 11.009 | нема | нема | нема | 16 | 120 | 183.751 | 48 | 64.187 |
| 06/2022 | 24 | 22.018 | нема | нема | нема | 16 | 96 | 147.001 | 64 | 85.582 |
| 07/2022 | 32 | 30.755 | нема | нема | нема | 8* | 120 | 192.501 | нема | нема |
| 08/2022 | 24 | 21.060 | нема | нема | нема | 8 | 120* | 175.762 | 16* | 20.467 |
| 09/2022 | 24 | 22.018 | нема | нема | нема | 8 | 96 | 147.001 | 16 | 21.396 |
| **Вкупно** | | ***106.860*** | | | | 56 | | ***1.433.847*** | | ***548.203*** |

**Констатација:**

- **Исплатата на додатоците на плата се врши врз основ на евидентни листи за часови поминати на дежурство и часови за работа во денови на празник, при што е констатирано дека, за периодот од 01.01.2022 година заклучно со 30.09.2022 година постои несовпаѓање на часовите за дежурство наведени во исплатните листи за плата споредено со евидентните листи за поминати часови на дежурство добиени од главната сестра на одделот за интензивна нега како и распоред на сменска работа – дежурство за дежурства на други одделенија, односно се исплаќале додатоци на плата по часови кои не се евидентирани или не се соодветно евидентирани во евидентните листи, како и се исплатувале надоместоци за дежурство во период на отсуство од работа поради стручно усовршување во Словенија, согласно Решение за платено отсуство од работа поради стручно усовршување со број 03-1190/2 од 26.07.2022 година во период од 15.07.2022 година до 15.08.2022 година**

- Во врска со член 3, од Анекосот на изменување и дополнување на ПКД, број 0101-12/1-24 од 17.02.2019 година, согласно одлука од УО за одобрено службено патување со број 02-1212/8 од 13.07.2022 година и решението за платено отсуство од работа, поради стручно усовршување број 03-1180/2 од 26.07.2022 година, од страна на Заменик претседател на УО др.спец. Б.В. ја задолжува проф.др.А.С. за време на нејзиното отсуство, поради стручна медицинска едукација во Љубљана – Словенија да биде ангажирана за приправност 24/7. Од страна на контролата се констатира дека во евидентните и исплатните листи нема евидентирано и исплатено додатоци за пасивна приправност од 8%.
- За приод од 04 до 09.2022 година, по основ на додаток за работа во денови на празник (142%), е исплатен бруто износ од 106.860 денари, за часови кои не се евидентирани во евидентните листи за дежурства.
- За дежурство во редовни работни денови (155%), не се исплатени средства, според исплатните листи, а се евидентирани вкупно 56 часа во евидентните листи за дежурства
- За дежурство во интензивна (207%), е исплатен бруто износ од 1.433.847 денари, според исплатните листи, наспроти часовите евидентирани во евидентните листи за дежурства, според кои требало да се исплати бруто износ од 548.203 денари, односно исплатено е 885.644 денари повеќе
- Во месец април 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 134.533 денари, брути износ, како додаток за дежурство во интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 154.001 денари, или разлика од повеќе исплатени бруто средства 19.468 денари, како додаток за дежурство во интензивна нега
- Во месец мај 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 160.467 денари, брути износ, како додаток за дежурство во интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 183.751 денари, или разлика од повеќе исплатени бруто средства 23.284 денари, како додаток за дежурство во интензивна нега,
- Во месец јуни 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 128.373 денари, брути износ, како додаток за дежурство во интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 147.001 денари, или разлика од повеќе исплатени бруто средства 18.628 денари, како додаток за дежурство во интензивна нега,
- Во месец јули 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 168.167 денари, брути износ, како додаток за дежурство во интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 192.501 денари, или разлика од 24.334 денари повеќе исплатени бруто средства денари, како додаток за дежурство во интензивна нега,
- Во месец август 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 153.511 денари, брути износ, како додаток за дежурство во интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 175.762 денари, или разлика од 22.251 денари повеќе исплатени бруто средства денари, како додаток за дежурство во интензивна нега,
- Во месец септември 2022 година, при исплатата на плата, додатокот за дежурство е пресметан на збирот од основната плата зголемена за износот на додатокот за минат труд, и наместо 128.384 денари, брути износ, како додаток за дежурство во

**интензивна нега (207%) исплатен е бруто износ од 147.001 денари, или разлика од 18.617 денари повеќе исплатени бруто средства денари, како додаток за дежурство во интензивна нега**

- **Со користење на основната плата зголемена со надоместокот за минат труд како основица за пресметување на додатокот за дежурство (207%) пресметан е, а воедно и исплатен бруто износ од 126.582 денари, како повеќе исплатена разлика, за период од 04 – до 09. 2022 година.**

**<u>Од контролата на исплатните листи за периодот од 01/2019 година до 01/2020 година на вработениот А.М. – организациски директор на ЈЗУ се констатира следното:</u>**

➢ Работникот А.М. е распореден на работно место организациски директор на ЈЗУ УК за детски болести - Скопје со **Решение бр. 0506-2/9 од 21.01.2022 година во кое се наведени следните елементи:**

1.Сложеност .............................................................................. 8,07 коеф.

2.Минат труд (0,5% за секоја година стаж)................ 7,5% или 0,6052 коеф.

**Се вкупно ________________________________________8,6752 коеф.**

Според Анексот за изменување на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ (Сл.весник бр.32 од 7 февруари) во Член 11 став 2

Извршен е увид во исплатни листи на еден вработен со иницијали М.К. кој има Решение за доктор на медицина за периодот од 01/2019 година до 01/2020 година,

Во членот 73-а ставот 1 се менува и гласи :

„На директорите и на медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдуваат коефициенти за плата започнувајќи со исплата на платата за месец февруари 2020 година и тоа:

| | |
|---|---|
| Здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори, здравствени работници без специјализација) | **6.386** |
| Здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори, здравствени работници со специјализација) | **6.691** |
| Здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори, здравствени работници без специјализација) | **6.908** |
| Здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори, здравствени работници со специјализација) | **7.237** |
| Институт за јавно здравје,центри, општи болници, специјализирани болници, заводи и институти ( директори, здравствени работници без специјализација и здравствени соработници) | **7.374** |
| Институт за јавно здравје,центри, општи болници, специјализирани болници, заводи и институти ( директори, здравствени работници со специјализација) | **7.726** |
| Клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори, здравствени работници без специјализација) | **7.703** |
| **Клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори, здравствени работници со специјализација)** | **8.070** |
| Универзитетски клинички центар, универзитетски институт ( xxxxxx | **8.051** |

На организационите директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент:

| | |
|---|---|
| Здравствен дом со над 1.000 вработени | **5.721** |
| Институти | **6.107** |
| **Клинички болници, универзитетски институти и универзитетски клиники** | **6.379** |
| Универзитетски клинички центар | **6.668** |

Направена е споредба со коефициентите и процентите од Анексот на ПКД , како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

| **2022 година** | **Коефициенти на сложеност и пресметана бруто основна плата на организациски директорна ЈЗУ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **месец / година** | **Коеф. На сложеност во ЈЗУ на организационен директор по Решение 8,070** | **Висина на најниска плата во ЈЗУ за коефициент 1 (висина евидентирана во пресметките за плата)ПКД на ЈЗУ УК** | **Бруто Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ** | **Коеф. На сложеност во ЈЗУ на организационен директор по ПКД во ЈЗУ УК** | **Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ** | **Бруто Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ по ПКД** | **Разлика на повеќе исплатена основна Бруто плата со соодветен коеф. На сложеност** |
| **1** | **2** | **3** | **4(2*3)** | **5** | **6** | **7(5*6)** | **8(4-7)** |
| **01/2022** | **8,070** | **14.090** | **64.975 (за 96 часа)** | **6,379** | **14.090** | **51.360 (за 96 часа)** | **13.615** |
| **02/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **03/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **04/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **05/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **06/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **07/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **08/2022** | **8,070** | **14.090** | **29.662 (за 48 часа)** | **6,379** | **14.090** | **23.447 (за 48 часа)** | **6.215** |
| **09/2022** | **8,070** | **14.090** | **113.706** | **6,379** | **14.090** | **89.880** | **23.826** |
| **Вкупно** | | | **890.579** | | | **703.967** | **186.612** |

**Констатација:**

- **За периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година за организацискиот директор на ЈЗУ УК за детски болести - Скопје е повеќе исплатена Бруто основна плата во износ од 186.612 денари, а причина е примената на повисок коефициент на сложеност од 8,070 наместо коефициент на сложеност од 6,379 на основната бруто плата, согласно Анексот на Поединечниот Колективен Договор на ЈЗУ УК за детски болести.**

| 2022 година | Пресметка на минат труд на организацискиот директор на ЈЗУ УК за детски болести – во бруто износ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Бруто Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ по исплатни листи | Бруто износ на процент за минат труд за 15 години работен стаж 7,5% | Бруто Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ | Бруто износ на процент за минат труд за 15 години работен стаж кој требало да се пресмета и исплати 7,5% | Разлика на повеќе исплатен Бруто износ за минат труд за секоја година стаж |
| 1 | 2 | 3 | 4(2*3) | 5 | 6 (3-5) |
| 01/2022 | 64.975 (за 96 часа) | 4.873 | 51.360 (за 96 часа) | 3.852 | 1.021 |
| 02/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 03/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 04/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 05/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 06/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 07/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| 08/2022 | 29.662 (за 48 часа) | 2.225 | 23.447 (за 48 часа) | 1.759 | 466 |
| 09/2022 | 113.706 | 8.528 | 89.880 | 6.741 | 1.787 |
| **Вкупно** | **890.579** | **66.794** | **703.967** | **52.798** | **13.996** |

**Констатација:**

- **За периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година за организацискиот директор на ЈЗУ УК за детски болести - Скопје е повеќе пресметан и исплатен додаток за минат труд од 7,5% за 15 години работен стаж во Бруто износ од 13.996 денари, а причина е примената на повисок коефициент на сложеност од 8,070 наместо коефициент на сложеност од 6,379 на основата Бруто плата согласно Анексот на Поединечниот Колективен Договор на ЈЗУ УК за детски болести.**

Скопје, 21.10.2022 година

Финансиски контролори

Крсте Латкоски ______________________;

Виолета Петровска ____________________;

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев

_____________________